Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 235, 1 јули 2019 година

јули 2019 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област финансии и банкарство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Римско право – практикум II“ Од доц. д-р Димитар Апасиев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Римско право – скрипта II“ од доц. д-р Димитар Апасиев, правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти” од доц. д-р Страхил Газепов, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Ортопедија на заби и вилици - практикум” од доцент д-р Софија Царчева-Шаља, ас. д-р Сандра Атанасова, ас.-докторанд д-р Михајло Петровски и м-р д-р Оливера Терзиева-Петровска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 32

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 34

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: доц. д-р Кирил Барбареев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2012-174/10 од 5.6.2019 година донесена на 202. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 5.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *наставник* во сите звања за наставно-научната област *финансии и банкарство* на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 28.5.2019 година и во предвидениот рок се пријави Зоран Темелков, доц. д-р.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Зоран Темелков** е роден на 9.12.1982 година во Скопје, Р. Македонија. Средно образование завршува во Скопје. Високо образование, Економски факултет завршува во Солун (2001-2004) година на Универзитетот „Шефилд”, со просечна оценка 9,43. По завршувањето на додипломските студии успешно завршува постдипломски студии од областа на банкарство и финансии на Универзитетот „Шефилд” со просечна оценка 9,33. Со завршена магистерска теза со наслов *„Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијанието на Базел 1 и Базел 2 спогодбата“* се здобива со звање магистер на економски науки од областа на банкарство и финансии. Поле на интерес му се: банкарство, финансии, сметководство, фискален систем, монетарна економија, финансиски инвестиционен менаџмент, внатрешна трговија и логистика и други економски и бизнис предмети. Во септември 2009 година кандидатот се запишува на докторски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор”***. На 12.5.2014 година кандидатот успешно ја брани својата докторска дисертација и се стекнува со звање доктор на економски науки. Кандидатот д-р Зоран Темелков има богато работно искуство кое започнува на позицијата соработник во Секторот за извршување и надоместоци во Телеком АД Македонија. Со завршување на работниот ангажман во Телеком АД, кандидатот започнува со работа во Уни банка АД – Скопје, за подоцна да го прошири своето искуство во консултантска фирма. Од 1.10.2009 година д-р Зоран Темелков е вработен како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Од септември 2011 година работи како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Од 1.10.2012 година кандидатот е избран во соработник – асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. На 19.12.2014 година кандидатот е избран за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика во областа на банкарство и финансии. За време на овој изборен период кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку реализирање на предавања и вежби, објавување на научни и стручни трудови, изработка на скрипти и практикуми, учество на проекти и слично.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. **Доцент од научната област во која се избира (се наведува кога и каде е избран за доцент)**
Кандидатот д-р Зоран Темелков за доцент од научна област финансии и банкарство е избран со Одлука бр. 2602—1447/3 од 19.12.2014 година, донесена на 125. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Рефератот е објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, бр. 137 од 1.12.2014 година.
2. **Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Temelkov, Zoran** and Gulev, Gule | <u>*Role of crowdfunding platforms in rural tourism development.*</u> | SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (56). pp. 73-79. ISSN 2367-5721 | 6 |
| 2 | **Temelkov, Zoran** | <u>*Fintech firms opportunity or threat for banks?*</u> | International Journal of Information, Business and Management, 10 (1). pp. 138-144. ISSN 2076-9202 | 9 |
| 3 | Boskov, Tatjana and **Temelkov, Zoran** and Zezova, Aleksandra | <u>*Euroisation in the Western Balkans: The Evidence for Macedonian Economy.*</u> | Mediterranean Journal of Social Sciences-MJSS, 8 (2). pp. 307-316. ISSN 2039-9340(Print) / 2039-2117(Online) | 6 |
| 4 | Magdinceva Sopova, Marija and Angelkova, Tanja and **Temelkov, Zoran** | <u>*The impact of small and medium sized enterprises (SMS) in the development of sports tourism in the municipality of Dojran, Republic of Macedonia.*</u> | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2016). pp. 354-365. ISSN 1857-7741 | 19 |
| 5 | **Temelkov, Zoran** and Metodijeski, Dejan | <u>*Can micro financing increase its role in support of accommodation investments of family owned tourist enterprises?*</u> | International Journal of Information, Business and Management, 8 (4). pp. 47-52. ISSN 2076-9202 | 9 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Научната евалуација на научните трудови за целиот период до изборот на кандидат доц. д-р Зоран Темелков е следнава:

I. Трудови

**Temelkov, Zoran** and Gulev, Gule (2019) <u>*Perspectives of the shadow banking in the global financial architecture - review of the case with China.*</u> SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (56). pp. 65-72. ISSN 2367-5721

**Temelkov, Zoran** and Gulev, Gule (2019) <u>*Role of crowdfunding platforms in rural tourism development.*</u> SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (56). pp. 73-79. ISSN 2367-5721

**Temelkov, Zoran** (2019) *Financial technology companies as a positive disruptor for the hospitality industry.* SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (54). pp. 72-77. ISSN 2367-5721

**Temelkov, Zoran** and Boskov, Tatjana and Zezova, Aleksandra (2018) *Alternative financing sources supporting SMEs growth.*SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (52). pp. 230-236. ISSN 2367-5721

Boskov, Tatjana and Kovacevski, Dimitar and **Temelkov, Zoran** (2018) *Financial Crisis and Balkan Perspectives on the EU.* IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (3). pp. 97-103. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

**Temelkov, Zoran** and Gogova Samonikov, Marija (2018) *The need for fintech companies as non-bank financing alternatives for sme in developing economies.* International Journal of Information, Business and Management, 10 (3). pp. 25-33. ISSN 2076-9202

**Temelkov, Zoran** (2018) *Fintech firms opportunity or threat for banks?* International Journal of Information, Business and Management, 10 (1). pp. 138-144. ISSN 2076-9202

Boskov, Tatjana and **Temelkov, Zoran** and Zezova, Aleksandra (2017) *Euroisation in the Western Balkans: The Evidence for Macedonian Economy.* Mediterranean Journal of Social Sciences-MJSS, 8 (2). pp. 307-316. ISSN 2039-9340(Print) / 2039-2117(Online)

Magdinceva Sopova, Marija and Angelkova, Tanja and **Temelkov, Zoran** (2016) *The impact of small and medium sized enterprises (SMS) in the development of sports tourism in the municipality of Dojran, Republic of Macedonia.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2016). pp. 354-365. ISSN 1857-7741

**Temelkov, Zoran** and Metodijeski, Dejan (2016) *Can micro financing increase its role in support of accommodation investments of family owned tourist enterprises?* International Journal of Information, Business and Management, 8 (4). pp. 47-52. ISSN 2076-9202

Metodijeski, Dejan and **Temelkov, Zoran** and Stankovska, Aleksandra (2016) *Guerrilla marketing – an important tool for managers in tourist sector.* Macedonian International Journal of Marketing, 2 (3). pp. 124-129. ISSN 1857 - 99787

II. Книги

**Temelkov, Zoran** (2018) *Understanding credit scores and mortgage loans.* Getting acquainted with the basics of bank products . CreateSpace Independent Publishing Platform, United States. ISBN 978-1729741955

**Temelkov, Zoran** (2017) *Getting acquainted with the basics of bank products.* CreateSpace Independent Publishing Platform, United States. ISBN 978-1981142521

**Temelkov, Zoran** (2016) *Banks' new competitors.* LAP Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-659-84595-6

**Temelkov, Zoran** (2016) *Changes in households financial assets.* LAP Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-659-82296-4

III. Учество во проекти

Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and Apostolov, Mico and Atanasovski, Drasko and Magdinceva Sopova, Marijaand Temelkov, Zoran and Josheski, Dushko and Miteva Kolevska, Natasa and Serafimova, Mimoza and Namicev, Petar and Mojsov, Kiro (2017) *Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река.*

IV. Магистерски и докториски тези

**Зоран Темелков** (2014) Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор.*Економски институт, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"– Скопје.*

**Зоран Темелков** (2006) Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијанието на Базел 1 и Базел 2 спогодбата. *Универзитет „Шефилд" – Солун, Грција.*

V. Учебни помагала

**Зоран Темелков** (2019) Банкарско работење - скрипта, ISBN 978-608-244-632-5, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, 2019.

**Зоран Темелков** (2019) банкарско работење – практикум, ISBN 978-608-244-633-2, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, 2019.

Мичо Апостолов и **Зоран Темелков** (2014) *Фискален систем, скрипта* ISBN 978-608-244-087-3, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, 2019.

Мичо Апостолов и **Зоран Темелков** (2014) *Фискален систем - практикум за вежби*. ISBN 978-608-244-088-0, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, 2019.

***Стручни награди и признанија***

Certificate of completion with passing grade in Data Science Methodology, an online course on Cognitive Class, an IBM Initiative, receive on May 25, 2019.

Certificate of completion with passing grade in data Science Hands-On with Open Source Tools, an online course on Cognitive Class, an IBM Initiative, receive on May 24, 2019.

Certificate of completion with passing grade in Introduction to Data Science, an online course on Cognitive Class, an IBM Initiative, receive on May 24, 2019.

Лиценца за вештачење од областа на материјално, финансиско и сметководствено работење со број 08-2268/2, издадена на 6.7.2016 година.

Сертификат за положени испити за раководител на туристичка агенција со број 571/2015 издаден на 17.8.2015 година.

Согласно со потребите за овој Реферат следува конкретна евалуација на трудовите во периодот од 2014 до 2019 година.

Евалуација на труд број 1: „**Perspectives of the shadow banking in the global financial architecture - review of the case with China**"

Последната финансиска криза го популаризираше концептот на банкарство во сенка. Како една од причините за појава на последната криза се наведува токму постоењето на паралелен финансиски систем кој функционира надвор од формалните финансиски пазари и кој не подлежи на законската регулатива за финансиските институции. Во трудот се претставени ефектите кои може да се појават како резултат на постоењето на финансиски институции кои нудат финансиски производи и услуги, меѓутоа истите не функционираат во рамките на законската регулатива. Поради недостатокот на формална контрола и надзор над работење на ваквите институции системот на банкарство во сенка може да претставува закана за финансиските пазари и целокупната економија.

Меѓутоа, и покрај тоа што банкарството во сенка е критикувано поради ризикот кој го создава, во трудот се претставени и можните придобивки кои произлегуваат од овој систем. Се напоменува дека финансиските производи и услуги кои ги нуди системот на банкарство во сенка се барани од страна на физички и правни лица кои немаат пристап до соодветни производи и услуги во традиционалниот финансиски систем. Банкарството во сенка овозможува пристап до финансиски средства за овие субјекти и на тој начин ја задоволува побарувачката за кредити во економијата. И покрај постоењето на потенцијална опасност, може да се заклучи дека банкарството во сенка може да има позитивно влијание за економскиот раст и развој.

Евалуација на труд број 2: **„Role of crowdfunding platforms in rural tourism development"**

Остварувањето на целите за економски раст и развој наметнува потреба од дефинирање и имплементирање на соодветни стратегии и фокусирање на индустрии кои имаат стратешка важност. Важноста на туризмот како индустрија преку која може да се постигне позитивен ефект врз економскиот развој постојано се зголемува. Земајќи ги предвид придобивките од туризмот, истиот започнува да се користи како дел од стратегијата за развој на руралните области. Па така, сè започнува со развој на руралниот туризам. Притоа, развојот на руралниот туризам е проследен со одредени пречи кои го ограничуваат развојот на оваа форма на туризам. Една од тие пречки е ограничениот пристап до финансиски средства кои се потребни за инвестирање во туризамот во руралните области.

Во трудот се објаснува начинот на којшто субјектите во руралните области би можеле да имаат пристап до потребните финансиски средства преку новите финансиски технологии односно финтек компании. Во трудот се објаснува улогата на краудфундинг платформите коишто се здобиваат со сè поголема популарност помеѓу субјекти кои имаат потреба од финансиски средства. Зголемената популарност на овие алтернативни извори за финансирање е резултат на бројните придобивки коишто ги нудат за барателите на финансиски средства како и за инвеститорите. Овие придобивки може да бидат финансиски и нефинансиски. Една придобивка од краудфундинг платформите е можноста за прибирање на средства со пониски трошоци, бидејќи се елиминира потребата за финансиски посредници. Исто така, краудфундинг платформите може да донесат придобивки и во промовирањето на руралниот туризам. Нудејќи бројни придобивки за локалното население, локалните претприемачи, како и општините и локалната самоуправа, краудфундинг плаформите треба да бидат составен дел од стратегиите за развој на руралниот туризам.

Евалуација на труд број 3: **„Financial technology companies as a positive disruptor for the hospitality industry“**

За да се постигне економски раст и развој треба да се елиминираат факторите кои имаат негативно влијание и да се даде поттик на индустрии кои може позитивно да влијаат на економскиот развој. Угостителската индустрија е една од индустриите кои имаат можност да придонесат кон целите за економски раст и развој доколку постојат услови за непречен развој на индустријата. Еден од највжните фактори кој може да има негативно влијание врз развојот на угостителската индустрија произлегува од специфичноста на индустријата. Субјектите кои се дел од оваа индустрија имаат потреба од високо ниво на капитал во почетниот период на работење. Притоа, пристапот до финансиски средства може да биде ограничен или трошокот за капиталот да биде превисок доколку финансирањето се реализира преку традиционалните канали односно извори на финансирање.

Проблемот со органичен пристап до финансиски ресурси или пристап до финансиски ресурси со низок трошок на капитал може да се реши доколку субјектите ги земат предвид алтернативните извори за финансирање. Технолошките иновации создале можност за развој на таканаречени финтек компании кои ја користат технологијата за понуда на финансиски производи и услуги. Придобивките од користењето на финтек копаниите како алтернативни извори за финансирање се прикажани и преку успешно финансирање на различни проекти за изградба или реновирање на угостителски објекти.

Евалуација на труд број 4: **„Alternative financing sources supporting SMEs growth“**

Малите и средни претпријатија се двигател на економијата и нејзиниот раст и развој. Доста често се посочува дека малите и средни претпријатија овозможуваат креирање на голем број на работни места и придонесуваат кон подобрување на животниот стандард. Меѓутоа, овие претпријатија се соочуваат со одредени пречки кои влијаат негативно врз работењето и секојдневните активности. Поради важност на овој сектор креаторите на политики се фокусирани кон елиминирање или намалување на пречките кои може да имаат негативно влијание врз развојот на малите и средни претпријатија. Една од бариерите кои го ограничуваат растот и развојот на овој сектор е ограничениот пристап до финансиски ресурси. МСП имаат потреба од финансиски ресурси во почетните стадиуми од својот развој и понатаму имаат потреба од средства за реализирање на инвестициски активности и проширување.

Појавата на последната финансиска криза ја направи политиката за кредитирање кон овој сектор ригидна. Ова би значело дека традиционалните извори за финансирање (на пример банките) воведуваат строги критериуми за финансирање со што се намалува пристапот до финансиски средства. Последната финансиска криза го ограничи пристапот до финансиски средства од традиционалните извори, меѓутоа истовремено создаде можност за појава на нови извори за финансирање.

Новите извори за финансирање или алтернативните извори за финансирање нудат широк спектар на финансиски производи и услуги преку искористување на технолошките иновации. Овие алтернативни извори за финансирање овозможуваат различни начини преку

кои претпријатијата би можеле да соберат доволно средства за финансирање на своите инвестициски активности или секојдневни активности. На пример, претпријатието може да собере доволно капитал преку продавање на удел односно сопственост (акции), преку позајмување на средства од инвеститори, преку прибирање на донации итн. Придобивките кои произлегуваат од алтернативните извори за финансирање се: кредити со ниски трошоци, пониски трансакциски трошоци, пократок процес на апликација и одобрување, како и бројни други придобивки.

Евалуација на труд број 5: **„Financial Crisis and Balkan Perspectives on the EU“**

Појавата на финансиската криза е последица од макорекономски дисбаланси и структурна слабост на финансискиот пазар од аспект на релаксирана монетарна политика која се спроведуваше. Несоодветното ниво на ликвидност, раст на цените на недвижнината и растот на финансиските иновации и глобализацијата во услови на неадекватан законска регулатива исто така имаа свој придонес кон настанување на последната финансиска криза. Независно од последиците, со одреден степен на задоцнување, финансиката криза не ги изостави ниту земјите во развој и земјите на Балканот. Трудот ги прикажува последиците кои се појавиле на Балканот, како и можни чекори за справување со криза во иднина.

Се посочува на тоа дека избегнувањето на ваква криза во иднина би значело дека банкарскиот сектор треба ја ограничи својата изложеност на различни ризици со кои се соочува во своето работење. Дополнително се потенцира дека банките треба да бидат свесни дека во иднина можните загуби кои би произлегле од финансиска криза би биле покриени од банките. Во рамките на трудот се дава осврт и на други активности и чекори коишто би требало да се преземат со цел намалување на можноста за појава на криза, како и намалување на негативните последици кои би се појавиле со појавата на некоја нова криза.

Евалуација на труд број 6: **„The need for fintech companies as non-bank financing alternatives for SME in developing economies“**

И покрај тоа што секторот на мали и средни претпријатија има посебна важност во економскиот раст и развој, истиот се соочува со бројни пречки. Пречките со кои се соочува овој сектор се посебно евидентни во земјите во развој и земјите во транзиција, каде што постои делумно развиена инфраструктура за поддршка и развој на малите и средни претпријатија. Недоволно развиена инфраструктура и пречките со кои се соочува овој сектор доведува до ограничување на можност за создавање на нови претпријатија и раст и развој на постоечките претпријатија. Ограничен пристап до финансиски ресурси е фактор кој често се наведува како една од поважните пречки со кои се соочува секторот на МСП во земјите во развој. Претпријатијата треба да ги реализираат своите активности во опкружување во кое се заострени критериуми со кои банките оценуваат дали да одобрат финансирање (кредит) на некое претпријатие или не. Строгите критериуми кои ги имаат имплементирано банките се директна последица од промените во законските регулативи, со што банките се стремат да ја ограничат својата изложеност кон ризични сектори како што е секторот на МСП.

Намалувањето на нивото на кредитирање на МСП од страна на банките и други традиционални канали за финансирање создало поволни улсови за развој на алтернативни извори на финансирање односно кредитирање. Алтернативните модели за финансирање ги користат придобивките од технолошките иновации преку нивно инкорпорирање во процесот на анализа и одобрување на кредити на секторот на МСП. Со појавата на алтернативните извори за финансирање, МСП имаат на располагање бројни инструменти преку кои може да добијат пристап до соодветно ниво на финансиски средства. Треба да се напомене дека кога се зборува за алтернативните извори за финансирање може да постои ограничена достапност на овие извори во некои земји во развој. И покрај тоа што овие извори нудат бројни придобивки за МСП и економијата во целост, сепак постои задоцнување во креирањето и имплементирање на новите финтек компании. Ова би значело дека во некои земји во развој малите и средни претпријатија продолжуваат да бидат високо зависни од традиционалните извори на финансирање како што е банкарскиот сектор.

Евалуација на труд број 7: **„Fintech firms opportunity or threat for banks?“**

Поради ограничената конкуренција за одредени финансиски производи и услуги банките станаа пасивни играчи на финансиските пазари. Меѓутоа, последните неколку години се карактеризираат со зголемен степен на нарушување на позицијата на традиционалните финансиски институции. Нарушувањето на позицијата на банките и другите финансиски институции се појавува како резултат на дигиталната револуција која се појавува во понудата на финансиски производи и услуги. Ефектите од развојот и дигитализацијата на финансиските производи и услуги најмногу се чувствуваат во банкарскиот сектор поради појавата на нови играчи. Технолошкиот развој ги намалува бариерите за влез на финансиските пазари и влез во индустриите за понудат на финансиски производи и услуги.

Денес банките се соочуваат со нов вид на конкуренција која ги инкорпорира технолошките иновации во своето работење. Новата конкуренција претставува потенцијална опасност за банките бидејќи поради користењето на технологијата се позиционираат како компании кои се целосно фокусирани на клиентот. Овие финтек компании постигнуваат висок степен на ефикасност во своето работење бидејќи имаат можност да реализираат активности со пониско ниво на трошоци. Поради пониските трошоци, финтек компаниите имаат можност да понудат подобри услови за финансирање на кредитобарателите како и подобри услови на инвеститорите.

Ова се некои од наведените причини во рамките на овој труд преку кои се посочува на тоа дека новите финтек компании може да станат сериозна закана за традиционалните банки. Исто така, се посочува дека банките имаат можност оваа закана да ја претворат во нова можност преку воспоставување на некоја форма на соработка помеѓу банките и финтек компаниите. Со дефинирање на соработка може да се постигне синергетски ефект. Дали финтек компаниите би биле закана или можност за банките зависи од банките и степенот на проактивност кој постои во нивното работење.

Евалуација на труд број 8: **„Euroisation in the Western Balkans: The Evidence for Macedonian Economy“**

Економската несигурност, како и негативнотото искуство во минатото во земјите во развој предизвикува намалена желба за чување на заштеди во домашната валута или за реализирање на трансакции во домашната валута. Па така, евроизацијата е проблем кој се појавува во земјите во транзиција во Европа, посебно во земјите кои имаат воспоставено фиксен девизен курс. Присуството и важноста на странските валути посебно доаѓаат до израз во земјите од Западен Балкан. Во таа насока, трудот ги прикажува причините поради кои постои висок степен на евроизација во Македонија. Како една од поважните причини за степенот на евроизација се посочува искуството со пропаѓањето на одредени банки и штедилници во минатото, надворешните и внатрешните економски шокови, негативното искуство од инфлација, како и трансферите од странство (дознаки) кои се реализираат во странска валута. Процесот на намалување на степенот на евроизација е релативно тежок поради некои од претходно набројаните фактори. Мѓеутоа, од друга страна, се посочува и дека аспирациите за приближување и влез во Европската Унија исто така имаат влијание врз степенот на евроизација.

Во таа насока, стратегијата за намалување на степенот на евроизација треба да инкорпорира неколку аспекти. Намалување на степенот на евроизација може да се спроведе преку прудицијални политики, одржување на макроекономска стабилност и развој на домашниот финансиски пазар.

Евалуација на труд број 9: **„The impact of small and medium sized enterprises (SMS) in the development of sports tourism in the municipality of Dojran, Republic of Macedonia“**

Истражувањето спроведено како дел од овој труд посочува на тоа дека развојот на спортскиот туризам зависи од придонесот и влијанието на малите и средни претпријатија кои ја создаваат понудата во овој сектор. Трудот има за цел да ја дефинира поврзаноста помеѓу спортот и туризмот како социо-економски феномен и влијанието на малите и средни претпријатија во задоволување на потребите на туристите. Може да се каже дека

претпријатијата имаат значајна улога во развојот на спортскиот туризам како алтернативна форма на туризам. Притоа, претпријатијата треба да се насочат кон креирање на соодветни капацитети и понуда на производи преку кои би се зголемил бројот на туристи во Општина Дојран.

Развојот на спортскиот туризам би бил проследен со значителни придобивки за локалниот и регионалниот економски раст и развој, како и подобрување на животниот стандард на локалното население. Исто така, се посочува дека и развојот на алтернативните форми на туризмот, како што е спортскиот туризам, може да придонесе кон општиот развој на туризмот во регионот со што би се подобрила економската состојба.

Евалуација на труд број 10: **„Can micro financing increase its role in support of accommodation investments of family owned tourist enterprises?“**

Микрофинансирањето се покажало како успешен концепт во помагање и подобрување на животниот стандард во сиромашните региони. Финансиските производи кои се нудат преку концептот на микрофинансирање покажале висок степен на успех за поддршка на претприемачките активности со што придонеле кон локален и регионален економски раст. Поради високиот степен на успех за обезбедување на соодветен капитал за претприемачите, целта на овој труд е да ја претстави можноста на овој концепт да го поддржи развојот на фамилијарните туристички претпријатија. Овие претпријатија се соочуваат со голем број на пречки кои го ограничуваат нивниот раст и развој. Загубени приходи и низок степен на продуктивност се само некои од негативностите кои произлегуваат како последица од долгиот период кој е потребен за целосна изградба и искористеност на капацитетите за сместување. Се посочува дека во некои земји, поради ограничениот капитал, сопствениците ги прошируваат своите сместувачки капацитети во повеќе фази. Притоа започнуваат со изградба на еден дел од капацитетите (едно ниво), по неколку сезони го градат наредното ниво сѐ до планираната големина на капацитетите. Проширувањето на капацитетот може да е период од неколку години додека да се собере доволното ниво на капитал. Поради ова, сопственикот не може да постигне економија од обем преку целосна изградба и понуда на сместувачктие капацитети.

Концептот на микрофинансирање може да овозможи соодветно ниво на капитал за инвестирање за сопствениците на фамилијарни сместувачки капацитети. На овој начин сопствениците би имале можност да го зголемат нивото на приходи и да имаат висок степен на ефикасност во своето работење. Меѓутоа, едно од ограничувањата на микрофинансирањето е тоа што производите на овој концепт треба да се приспособат кон потребите за финансирање на туристичките претпријатија. Се посочува дека производите треба да се приспособат од аспект на период на отплата на кредитите, максималната висина на одобрен кредит, како и начинот на гарантирање.

Евалуација на труд број 11: **„Guerrilla marketing – an important tool for managers in tourist sector“**

Овој труд ги претставува можностите кои произлегуваат од примената на герила маркетингот во работењето на менаџерите во туристичкиот сектор. Во трудот се претставени и примери за успешно имплементирање на овој вид на маркетинг во угостителскиот сектор и секторот туризам, со што се потврдува валидноста на герила маркетингот. Исто така, се посочува на тоа дека овој вид на маркетинг е од посебна важност за менаџери кои се соочуваат со ограничени финансиски ресурси односно ограничен буџет за промовирање на своите капацитети.

За да се постигне успех преку герила маркетингот и покрај постоење на ограничен буџет, потребно е неговото имплементирање да се реализира со ентузијазам, добро планирање и креативни идеи. Од примерите кои се претставени во овој труд може да се заклучи дека висината на буџетот секогаш не е пресудна за постоење на успешна маркетинг кампања. Во денешно време, креативна маркетинг кампања со ограничен буџет може да има многу поголемо позитивно влијание врз работењето на менаџерите.

Може да се заклучи дека менаџерите треба да се насочат кон изнаоѓање на нови и креативни решенија за промовирање на своите активности, наместо да бидат пасивни и целосно да бидат фокусирани на традиционалните маркетинг методи.

Евалуација на труд број 18: **„Скрипта по Фискален систем“**

Скриптата по Фискален систем е наменета за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за подготвување на испитот по предметот Фискален систем. Содржината на скриптата ја опфаќа потребната материја за предавањата по предметот Фискален систем, според Наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Скриптата можат да ја користат и студенти на останатите факултети каде што се изучува предметот Фискален систем, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика.

Евалуација на труд број 19:**„Практикум по Фискален систем“**

Практикумот по Фискален систем е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за изготвување на вежбите и подготвување на испитот по предметот Фискален систем. Содржината на практикумот ја опфаќа потребната материја за вежбите по предметот Фискален систем, според наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Практикумот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Фискален систем и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите.

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област финансии и банкарство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип се пријави кандидатот доц. д-р Зоран Темелков.

Приложената документација е во согласност со документацијата која се бараше во Конкурсот, со што кандидатот ги исполнува потребните услови за избор на наставник во сите звања согласно со Правилникот за критериуми и постапки за избор на наставно-научни, научни и наставни звања. Врз основа на приложената документација за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Зоран Темелков е искусен и квалитетен наставно-научен кадар, кој преку долгогодишен ангажман во наставно-педагошката дејност и активна научноистражувачка работа со публикации од областа, демонстрира исклучително знаење и умеење во областа на финансиите и банкарството.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот доц. д-р Зоран Темелков покрај во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има и низа активности во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Во областа на кандидатот се вбројуваат и трудови во научно-стручно популарно списание, членство во комисии за упис на студенти на прв и втор циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Кандидатот исто така има објавено и книги и учебни помагала, учествува во проекти, учесник е во изработка на елаборати за прв и втор циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Исто така, кандидатот е и раководител на Катедра за бизнис администрација и е член во комисии и органи со кои се реализира активноста на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Кандидатот покажува и техничко унапредување преку стекнување на лиценца за вештачење од областа на материјално, финансиско и сметководствено работење. Исто така, доц. д-р Зоран Темелков покажува желба за техничко унапредување и проширување на своите вештини и знаење преку стекнување на сертификати за завршување и положување во областа на обработка на податоци (Data science) која се актуелизираше во последните неколку години.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана по Конкурсот од 28.5.2019 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Зоран Темелков ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупна активност, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот доц. д-р Зоран Темелков преку вкупно 202 поени (НО 30 + НИ 126 + САОР 46).

Според изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, **кандидатот доц. д-р Зоран Темелков да биде избран во звање вонреден професор во научната област финансии и банкарство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Оливера Трајковска-Ѓоргиева, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Ристо Фотов, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Весна Георгиева-Свртинов, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Монографија или научна книга (труд со реден број 12, 13, 14,) | | | 3 | 15 | 45 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор труд со реден број 1, 2,3, 4, 6, 7, 10; втор автор труд со реден број 8, 11; трет автор труд со реден број 5,9) | | | 7<br>2<br>2 | 9<br>6<br>3 | 63<br>12<br>6 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **126** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Стручна монографија (труд со реден број 15) | | | 1 | 10 | **10** |
| **13.** | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | **5** |
| **17.** | Елаборати – за прв и втор циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика | 2 | 2 | | | **4** |
| **26.** | Раководител на Катедра за бизнис администрација - Одлука бр. 2102-286/14 од 20.5.2015 | 1 | 3 | | | **3** |
| **28.** | Член на факултетски орган комисија (за одбрани на дипломски трудови, за одбрани на магистерски трудови, 26.1.2016 г., член на Комисија за избор на ректор, член на Деканска управа, член на Уписна комисија за прв и втор циклус 2015 год., 2016 год., 2017 год., 2018 год. | 12 | 2 | | | **24** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **46** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **202** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-115/15 од 13.6.2019 година донесена на 6. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 12.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *еден наставник* во сите звања за наставно-научната област *архитектонско проектирање и дизајн* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– д-р Ѓорги Груевски, редовен професор на Факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – **претседател;**
– д-р Тало Груевски, редовен професор во пензија на Шумарски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – **член;**
– д-р Винета Сребренкоска, редовен професор на Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – **член.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија” на 23.5.2019 година и во предвидениот рок се пријави д-р Катерина Деспот, вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Катерина Деспот** е родена на 6.11.1977 година во Прилеп. Во 2001 година магистрира на Национална ликовна академија – Софија, Р. Бугарија, на Факултетот за применета уметност насока Индустриски дизајн, а докторира на истиот факултет во 2005 година на насока Индустриски дизајн и се стекнува со титула доктор по индустриски дизајн. Насловот на тезата на PhD е „Ликовно дизајнирање на стол“. Во 2018 година завршува постдокторски студии на тема „Влијанието на парковата уметност врз развојот на парковата композиција’’ на Шумарско-техничкиот факултет во Софија, Република Бугарија.

*Работно искуство*

Д-р Катерина Деспот повеќе од 15 години се занимава со образовна дејност. Од 2004 до 2009 година работи како професор по ликовна уметност во Гимназија „Мирче Ацев“ во Прилеп, Република Северна Македонија.

Од 2009 година до денес е вработена на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки во 2009 година е избран во наставно-научно звање доцент, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки (бр. 2202-322/16 од 12.11.2014 год.) е избрана во наставно-научно звање вонреден професор по архитектонско проектирање и дизајн и пејзажна архитектура, со кое звање работи и тековно.

Предава на додипломските и постдипломските студии на ФПТН по група предмети: Основи на дизајн, Композиција во дизајнот, Обликување на простор, Индустриски дизајн, Дизајн на мебел, Простор и авангарден дизајн, Проектирање 3, Теорија на пејзажната уметност итн.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Вонреден професор од научната област во којашто се избира (се наведува кога и каде е избран во звање вонреден професор)

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (бр. 2202-322/16 од 12.11.2014 год.) д-р Катерина Деспот е избрана во наставно-научно звање вонреден професор по архитектонско проектирање и дизајн и пејзажна архитектура, во кое звање работи и тековно.

2. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор/и | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska | *Application and transformation of traditional forms in contemporary interiors* | Applied Researchesin Technics, Technologies andEducation, 5 (2). ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) | 2013 |
| 2 | **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska | *Charact eristicsofa ncientfurnitu recorrelate dwithScandina vianmode rnism* | Innovat ionandentr epren eurship, 5 (3). ISSN 1314-9253 | 2014 |
| 3 | **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska | *Simila ritiesandd ifferenc esbetweendes ignandar twork* | The 12th International Conference on Virtual Learning Virtual Learning – Virtual Reality. ISSN 1844-8933 | 2000 |
| 4 | **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska | *Application of industrial design in green areas* | Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 4 (1). pp. 79-87. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) | 2013 |
| 5 | Sandeva,Vaska and **Despot, Katerina** and Zlatev, Zlatin | *Education influence of artistic elements and principles on the street network* | Internationa lConferenceon Virtual Learning | 2006 |
| 6 | Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** | *Articular principles as a strong street factor* | Institute for Innovation and Entrepreneurship. ISSN 1314-9253 | 2014 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката од 2009 година и тековно е вработена на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки во 2009 година е избрана во наставно-научно звање доцент, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки (бр. 2202-322/16 од 12.11.2014 год.) е избрана во наставно-научно звање вонреден професор, во кое звање работи и тековно. Од 2009 година и тековно проф. д-р Катерина Деспот е вклучена во реализација на наставните активности на студиските програми Архитектура и дизајн на прв и на втор циклус студии.

Проф. д-р Катерина Деспот тековно е ангажирана во наставата како вонреден професор по следниве предмети на прв циклус студии: Основи на дизајн, Композиција

во дизајнот, Обликување на простор, Индустриски дизајн, Дизајн на мебел, Простор и авангарден дизајн, Проектирање 3, Теорија на пејзажната уметност, предавања и вежби.

На втор циклус студии по предметите: Историја на мебел и ентериер низ стилови, Ликовно обликување на ентериер, Простор и стил, Продукт дизајн, Дизајн на мебел, Иновации и стратегии во дизајнот, Паркова архитектура.

Проф. д-р Катерина Деспот во изминатиот период била рецензент за избор на соработници, член на комисија за одбрана на магистерски тези, ментор на триесетина одбранети дипломски работи, завршни испити и била член на повеќе комисии за одбрана на дипломски работи.

Кандидатката за потребите на студентите на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип има издадено два учебника, три рецензирани скрипти и еден практикум, сите објавени во е-библиотека и на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип и тоа:

1. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2019) Дизајн на мебел. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје 684.4:7.05(075.8) . ISBN 978-608-244-630-1

Во книгата се разгледуваат: творечкиот процес, практичните аспекти и ликовното изразување на дизајнот на мебел во целина. Се следи историскиот развој на мобилниот дизајн, поделба и класификација во развојот на мебелот. Детално се дава осврт на елементите и принципите во дизајнот и нивното влијание врз композицијата. Изборот на материјали како клучен фактор при создавањето на крајниот продукт. Во теоретскиот дел од книгата се посочени сите елементи од дизајнот кои треба да разбудат задоволство кај крајниот корисник на производот. Акцентот во теоретскиот дел е ставен врз формата како главен двигател во создавањето на дизајнот и е проследен целиот дизајнерски процес од анализа до детален дизајн.

2. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2019) Ентериер и екстериер. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје 72.012.5/.8(075.8). ISBN 978-608-244-631-8

Книгата е замислена како наставен материјал доволен да го покрие вкупното градиво по предметот Ентериер и екстериер, наменет за студентите по архитектура и дизајн, но и за сите кои се занимаваат со концептите на дизајнот. Конципирана е на таков начин што ги дава насоките во ентериерниот и екстериерниот дизајн, професијата дизајнер, процесот на дизајнирање, краток осврт на дизајнерите во 21 век и некои од позначајните стилови на нашето време, планирањето на просторот, бојата во дизајнот, еко-дизајнот и на крај кратка презентација за најзастапените техники на презентација кои се користат во дизајнот. Одредениот обем и структура создадат јасна слика во воведот на дизајнирање на ентериерно и екстериерно пространство.

**Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2014) Теорија на композиција во пејзажната архитектура. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје 712.4(075.8). ISBN 978-608-244-056-9

Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2014) *Историја на пејзажната архитектура - скрипта*. ISBN 978-608-244-055-2.

**Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2014) Индустриски дизајн -рецензирана скрипта. ISBN 978-608-4708-83-4.

**Despot, Katerina** (2014) Индустриски дизајн – практикум. ISBN 978-608-4708-83-4.

Кандидатката има објавено повеќе трудови во списанија со меѓународен уредувачки одбор. Има учествувано на повеќе советувања, конгреси и симпозиуми со излагање на сопствени трудови во земјава и во странство. Учествува во реализација и на проекти.

***Список на печатени оригинални научни и стручни трудови во меѓународни списанија во последните пет години и нивна кратка елаборација:***

**Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2017) Applicatio nandtran sformationo ftradition alformsi ncontempo rary inter iors. AppliedResearchesinTechnics, Technologies andEducation, 5 (2). ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online)

Со овој труд се анализира дизајнот и функционалноста на традиционалната македонска ограда и нејзината имплементација во современото надворешно и внатрешно уредување. Резултатите се постигнати со нејзината трансформација која е поставувана на подови, тавани и други декоративни елементи кои го обременуваат просторот. (9 поени)

**Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2017) Characteristic sofancient furniture correlated with Scandinavian modernism. Innovation and entrepreneurship, 5 (3). ISSN 1314-9253

Целта на овој труд е примената на античкиот мебел во модерен скандинавски стил. Покажана е детална анализа на античкиот мебел, кој остава печат за постоењето на тој период. Приносот на овој труд е доказот дека античкиот мебел е идеална склопливиот со скандинавскиот модернизам т.е. дека тие идеално се преклопуваат.(9 поени)

**Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2017) Similarities and differences between design and artwork. The 12th International Conferenceon Virtual Learning Virtual Learning – Virtual Reality. ISSN 1844-8933

Предмет на истражување во овој труд е врската помеѓу уметноста и дизајнот. Покажано е како индустријализацијата овозможува овие две дисциплини да добијат две различни насоки и да се во рамки на нивното значење со кое исто така е потврдено дека во секој дизајн постои уметност. Дизајнот ги адресира специфичните потреби и ги решава проблемите додека уметноста е елитист кој може да биде изложен на јавна критика. (9 поени)

**Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2016) Application of industrial design in green areas. Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 4 (1). pp. 79-87. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online)

Предмет на истражувањето е влијанието на индустрискиот дизајн врз зелените површини. Авторите во овој труд го анализираат влијанието на индустрискиот дизајн и неговата примена во зелените површини што ја збогатува естетската и функционалната форма во паркот, поставена на прецизни позиции кои го истакнуваат пејзажот и прават хармонија за надополнување на просторот. (9 поени)

Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** and Zlatev, Zlatin (2018) Education influence of artistic elements and principles on the street network. International Conferenceon Virtual Learning.

Ова истражување е направено на уличната мрежа како елемент на урбано и просторно планирање со цел да се покаже композицијата како фактор за решавање на естетиката врз зелениот систем на уличната мрежа. Се утврдува дека главните теоретски дела во парковата уметност се тесно поврзани со принципите на општата теорија на композицијата. (6 поени)

Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2017) *Articular principles as a strong street factor.* Institute for Innovation and Entrepreneurship. ISSN 1314-9253

Целта на ова истражување е со посебен акцент на композицијата т.е. влијанието на елементите и принципите врз едно создадено дизајнерско дело, кое е комплексен интердисциплинарен предмет со широк спектар. Во случајот е направен особен принос врз уличната мрежа каде што е покажано дека тие се главни елементи на урбаниот пејзаж, а за нивно правилно функционирање и дизајнирање е неопходно познавањето на елементите и принципите, како компоненти за да се создаде еколошко единство. (6 поени)

7. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2017) Creativity development concept in industrial design. Innovation and entrepreneurship, 5 (3). ISSN 1314-9253 (6 поени)

8. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2017) Graphic line as composer of forms in interior and exterior design. Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 5 (2). ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (6 поени)

9. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2016) The modern style in interior and exterior. Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 4 (1). pp. 72-79. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (6 поени)

10. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2018) Ecological and aesthetic parameters of park art as a factor for street landscaping in cities. Innovation and Entrepreneurship, 6 (3). pp. 154-166. ISSN 1314-9253 (9 поени)

11. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2018) Influence of park art on the development of modern park composition. Innovation and Entrepreneurship, 6 (2). pp. 105-117. ISSN 1314-9253 (9 поени)

12. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2018) Textile applied element in the interior. Spisanie za tekstil, obleka, koza i tehnologija. ISSN 2535-0447 (3 поени)

13. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2017) Bionika concept for design of furniture. Innovation and Entrepreneurship, 5 (2). pp. 89-95. ISSN 1314-9253 (9 поени)

14. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2017) The effect of lighting exterior and interior design. Innovation and entrepreneurship, 5 (1). pp. 10-21. ISSN 1314-9253 (6 поени)

15. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2016) Space, composition, vertical wall ... XXV International conference management and quality for young scientists 2016. ISSN 978-619-160-679-5 (3 поени)

16. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2016) Архитектонски завеси во простор причина за драматичност во простор. First International Scientific Conference, FILKO, Philology, Culture and Education. pp. 817-825. ISSN 978-608-244-308-9 (2 поени)

17. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2016) Application of optical illusion of modern interior and exterior. XVIII International Scientific Conference, Managment and Sustainable Development. ISSN 1311-4506 (3 поени)

18. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2016) Fluency of English art on exterior and interior. XVIII International Scientific Conference, Managment and Sustainable Development. ISSN 1311-4506 (3 поени)

19. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** and Colakov, Dejan (2016) Roof gardens as landscaping in modern times. Applied Researches in Technics, Technologies and Education. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (6 поени)

20. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2016) Texture as a means of reorganization of space. Innovation and Entrepreneurship, 4 (4). pp. 12-21. ISSN 1314-9253 (6 поени)

21. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2015) Composition of futurism in landscape architecture. 15th International Scientific Conference VSU 2015, 3 (3). pp. 23-28. ISSN 1314-071X (3 поени)

22. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2015) Movement and rhythm in indoor and outdoor space indoor. 15th International Scientific Conference VSU 2015, 3 (3). pp. 15-21. ISSN 1314-071X (3 поени)

23. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2015) Industrial design in contemporary Scandinavian modernisam housing. Faculty of Natural and Technical Sciences, 9 (1). pp. 367-377. ISSN 185-6966 (2 поени)

24. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2015) Land Art – Art of Landscape. Journal of the Faculty of Technics and Technologies, Trakia University, 3 (4). pp. 358-364. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (6 поени)

25. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2015) Lighting as melodies residential objects. Journal of the Faculty of Technics and Technologies, Trakia University, 3 (4). pp. 364-373. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (9 поени)

26. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2015) Artistic elements as the tools in the textile surfaces and upholstered furniture. In: XXIV International scientific conference Management and Quality, May 2015, Ruse, Bulgaria. (3 поени)

Сите трудови на кандидатката се прикачени на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Учество во научноистржувачки проект***

Создавање на систем за специфични положби на седење во симфониски оркестар. (Одлука бр.0201-922/9 од 30.10.2018 година);

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Вонреден професор д-р Катерина Деспот учествува во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од кои како позначајни се:

- член на уредувачки одбор на научно списание во странство. Institute for innovation and entrepreneurship;
- член на Комисија за оценка на квалитетот на стручна редакција на книги/учебници;

- рецензент на учебник;
- активно учество во изготвување на студиски програми на 1 и 2 циклус студии на Факултетот за природни и технички науки и Ликовната академија.

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела***

– Декан на Ликовната академија, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (Одлука бр.2201-970/8 од 15.9.2015 година).
– Член на Наставно-научниот совет на Ликовнат аакадемија, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
– Член на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
– Член на организациски и научен одбор за меѓународно списание.

***Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци:***

UGDScholar (http://scholar.ugd.edu.mk/ KaterinaDespot)
AcademiaEdu (https://ugd.academia.edu/KaterinaDespot)
ResearchGate (https://www.researchgate.net/profile/KaterinaDespot)
UGDAcademicRepository(http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Despot=3AKaterina=3A=3A.html).

***Стручни и уметнички активности:***

Despot, Katerina and Sandeva, Vaska (2019) *Не-дефиниран урбанизам*. [Show/Exhibition]

Despot, Katerina and Sandeva, Vaska (2018) *Professional - artisticexhibition, Undefinedspace*. [Show/Exhibition]

Sandeva, Vaska and Despot, Katerina and Dzingo, Aleksandar (2017) *Landscape considerations*. [Show/Exhibition]

Сите изложби на кандидатката се прикачени на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Катерина Деспот, врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната активност која е поврзана со научната област архитектонско проектирање и дизајн, ги исполнува сите законски услови за избор во звање редовен професор.

Согласно со претходно изнесените податоци, како и согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и распишаниот Конкурс, д-р Катерина Деспот во целост ги исполнува сите предвидени услови да биде избрана во звање редовен професор во наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложениот материјал, Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои предлогот д-р Катерина Деспот да биде избрана во звање редовен професор за наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн на Факултетот за природни и технички работи при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на кандидатот во наведеното звање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ѓорѓи Груевски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Таљо Груевски, редовен професор во пензија, член, с.р.**
**Д-р Винета Сребренкоска, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| 4 | Избор во звање доцент | | 30 | | | 30 |
| 5 | Избор во звање вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) реф.бр.<br>Прв автор 1, 2, 3, 4, 10, 11, 13, 19, 25<br>Втор автор 5, 6, 7, 8, 9, 14, 20, 24 | | | 9x9 =81<br>8x6 =48 | | 129 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир реф.бр. 12, 15, 17, 18, 21, 22, 26 | | | 7 | 3 | 21 |
| 13 | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | 4 |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | 1 | 1 | 1 |
| 26 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 2 | 6 | 1 | 8 | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **175** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1 | Книга/учебник | 2 | 10 | | | **20** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | 2 | | | **4** |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | 1 | 3 | **3** |
| 17 | Елаборати и експертизи | 4 | 2 | | | **8** |
| 23 | Декан | 12 | | | | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 5 | | | | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 2 | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **54** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **299** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „РИМСКО ПРАВО – ПРАКТИКУМ II“ ОД ДОЦ. Д-Р ДИМИТАР АПАСИЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1102-84/26 (23.5.2019 г.) од 177. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 22 мај 2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Мирјана Поленак-Аќимовска,** редовен професор во пензија**,** Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
- **д-р Војо Беловски,** редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис ***„РИМСКО ПРАВО – ПРАКТИКУМ II“*** од **авторот доц. д-р Димитар Апасиев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

* * *

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Општи податоци за ракописот**

Ова учебно помагало, односно интерен електронски практикум од авторот доц. д-р Димитар Апасиев носи наслов „РИМСКО ПРАВО – ПРАКТИКУМ II“ со поднаслов „Коментари на Старото римско право“.

Наменет е за студентите од прва академска година на Правниот факултет при УГД коишто во вториот (парен/летен) семестар го слушаат задолжителниот предмет Римско право, со број на часови 3+2+2, кој носи 8 ЕКТС кредити.

Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма / силабусот по конкретниот предмет и опфаќа теми кои се покриени во курикулумот, т.е. наставната материја за студиската програма за којашто е наменет – правни студии (сите насоки).

**II. Податоци за обемот на ракописот**

Приложениот интерен втор практикум за рецензија содржи 114 страници уредно технички среден и лекториран текст на литературен македонски јазик, во стандарден JIS B5 формат (18,2 cm x 25,7 cm), со единечен прород (1,15) и големина на фонт 11 (Cambria), согласно со интерните правила и упатства на издавачот.

Ракописот на практикумот содржи вкупно 307 коментаторски фусноти и 164 библиографски единици – класифицирани во четири подгрупи: *Класични и средновековни дела*; *Книги*; *Периодики и статии*; *Специјализирани енциклопедии и речници* – од домашни и странски еминентни автори и правни романисти (дадени прво во абецеден, а потоа и во азбучен редослед). Кон крајот е приложена и *кратка биографија на авторот*.

Според предвидениот број на часови по годишниот, т.е. семестрален распоред, како и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – обемот и содржината на вака приложениот ракопис на овој практикум ги задоволува постоечките зададени критериуми и стандарди.

**III. Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Според нашите сознанија досега, во македонски услови, на ниво на држава се објавени само два практикума од сличен вид, кои се користат на Правниот факултет „Јустинијан

Први“ при УКИМ – Скопје, како и на Правниот факултет при УГД и тоа:

1. Поленак-Аќимовска Мирјана и Бучковски Владо. *Избор на текстови од Римското право*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, 1995 [во четири досегашни реизданија];

2. Апасиев, Димитар. *Римско право – практикум I.* Штип: УГД [Е-библиотека], 2015.

Но, за разлика од наведениве дела од сличен вид, овој ракопис е специфичен бидејќи опфаќа една малку поинаква материја, осврнувајќи се подетално само на првите две кодификаци кои постоеле во Старото римско право: Leges Regiae и Lex XII tabularum.

Оттука, сосем оправдано цениме дека поднесениот ракопис, од научно-стручен аспект, е зрел за објавување заради детално запознавање на младите студенти по право со првичните архаични правни институти, концепти и сфаќања од најстариот период на развојот на римското право и неговите први почетоци, како и педантно следење на нивниот историски развој во еден поширок општествено-економски контекст.

**IV. Краток опис на содржината**

Од содржински аспект, покрај *Предговорот*, ракописот содржи две глави; Библиографија и Биографски податоци за авторот.

Авторот, следејќи ја традиционалната римска структурологија којашто е присутна во познатите кодификаторски дела, од содржински аспект целиот труд т.е. „книга“ (liber) - со оглед на ограничениот расположлив простор - го поделил на две „глави“ (*caput*). Тие се поделени на „оддели“ нумерирани со римски броеви, кои натаму се делат на „точки“ (означени со редни арапски броеви).

Првата глава се однесува на *Leges Regiae – Кралските закони* (Прапочетоците на Римското право). Таа е поделена на седум оддели – и тоа: I. Ромул [1. Општествена класификација; 2. Патронатско право; 3. Јавни работи – државно-политичка организација; 4. Брачно право – положба на жената; 5. Татковско право; 6. Семејни деликти]; II. Нума Помпилиј [7. Религиско право; 8. Кривично право – убиство; 9. Судски денови; 10. Уредување меѓи; 11. Семејни односи]; III. Тул Хостилиј [12. Воено (фецијално) право]; IV.Анк Марциј; V. Тарквиниј Приск [13. Сенатско право]; VI. Сервиј Тулиј [14. Реформа на јавното право]; и VII.Тарквиниј Гордиот [15. Укинување на постоечкиот поредок]. Тука авторот прави успешен обид на едно место, во превод на македонски јазик, да биде даден најголем дел од зачуваните текстови на Leges Regiae - вкупно 37 фрагменти - а при методолошкото структурирање предност во излагањето им дава најпрво на јавноправните, па потоа на приватноправните одредби – притоа изобилно давајќи свои коментаторски фусноти за сите нејасни правни институти.

Втората глава се однесува на *Lex XII tabularum – Законот на 12 таблици* (Првиот пишан римски законик). Таа, разбирливо, е поделена на дванаесет оддели, каде што е даден превод на сите зачувани фрагманти од дванаесетте таблици структурирани според делата на старите автори: Таблица I[1. Процесни правила]; Таблица II; Таблица III [2. Должничко ропство]; Таблица IV [3. Брачно и родителско право]; Таблица V [4. Старателско и наследно право]; Таблица VI [5. Приватно-правни одредби – имотно и лично право]; Таблица VII [6. Стварно право – соседско право и службености; 7. Облигационо право]; Таблица VIII [8. Деликтно право (кривично и оштетно право)]; Таблица IX [9. Капитална казна]; Таблица X [10. Ритуално-обредни одредби]; Таблица XI [11. Класна дискриминација; 12. Календар]; Таблица XII [13. Различни несистематизирани правни одредби].

### ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало „Римско право – практикум II“ од авторот доц. д-р Димитар Апасиев претставува системско дело од областа на почетниот период на развој на римската држава и право, што целосно одговара на потребите на студентите-почетници за кои е наменет. Според содржината, обемот и структурата овој веќе зрел автор умесно се потрудил и успеал во тоа да направи мошне илустративен обид за приближување на оваа правно-историска материја до студентите, на мошне разбирлив, среден, јасен, хронолошки систематизиран и коментаторски начин.

Од сево горенаведено, недвосмислен е заклучокот дека општата педагошка оценка за авторот и ракописот се позитивни, со оглед на богатите научни квалитети и потенцијалот со кој располага Апасиев – па Комисијата заклучува дека приложениот ракопис ги задоволува критериумите за јавно објавување **и му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД да го прифати овој позитивен рецензентски Извештај за ова учебно помагало и ракописот да го одобри за објавување во практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Мирјана Поленак-Аќимовска, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „РИМСКО ПРАВО – СКРИПТА II“ ОД ДОЦ. Д-Р ДИМИТАР АПАСИЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1102-84/27 (23.5.2019 г.) од 177. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 22 мај 2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Мирјана Поленак-Аќимовска,** редовен професор во пензија, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- **д-р Војо Беловски,** редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ –Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис ***„РИМСКО ПРАВОб– СКРИПТА II“*** од **авторот доц. д-р Димитар Апасиев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

* * *

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет при УГД го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Општи податоци за ракописот**

Ова учебно помагало, односно интерна електронска скрипта од авторот доц. д-р Димитар Апасиев носи наслов „РИМСКО ПРАВО – скрипта II“ со поднаслов „Судовите во Републиката“.

Скриптата е наменета за студентите од прва година на Правниот факултет при УГД, коишто во вториот (парен/летен) семестар го слушаат задолжителниот предмет Римско право, со број на часови 3+2+2, кој носи 8 ЕКТС кредити.

Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма / силабусот по конкретниот предмет и опфаќа теми кои се покриени во курикулумот, т.е. наставната материја за студиската програма за којашто е наменет – правни студии (сите насоки).

**II. Податоци за обемот на ракописот**

Приложената интерна втора скрипта за рецензија содржи 155 страници уреден и технички среден и лекториран текст на литературен македонски јазик, во стандарден JIS B5 формат (18,2 cm x 25,7 cm), со единечен проред (1,15) и големина на фонт 11 (Cambria), согласно со интерните правила и упатства на издавачот.

Ракописот за скриптата содржи вкупно 277 фусноти и 136 библиографски единици – класифицирани во: *Класични и средновековни дела* и *Книги*, од домашни и странски еминентни автори и правни романисти (дадени прво во абецеден, а потоа и во азбучен редослед). Кон крајот е приложена и *кратка биографија на авторот*.

Според предвидениот број на часови по годишниот, т.е. семестрален распоред, како и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – обемот и содржината на вака приложениот ракопис ги задоволува постоечките зададени критериуми и стандарди.

**III. Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Според нашите сознанија досега, во македонски услови, на ниво на држава се објавени неколку научни книги кои ги обработуваат проблемите на Римското право и кои се применуваат на други универзитети:

1. Пухан, Иво. *Римско право I и II*. Скопје: Универзитет во Скопје, 1960, 1961 и 1973 (во три изменети и дополнети изданија);

2. Поленак-Аќимовска, Мирјана. *Римското право и развојот на правото на сопственост*. Скопје: Студентски збор, 1990;

3. Пухан, Иво и Мирјана Поленак-Аќимовска. *Римско право* (*основен учебник*). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 1991 [II издание, 1996]; [III издание, 2001]; [IV издание, 2008];

4. Пухан, Иво, Мирјана Поленак-Аќимовска, Владо Бучковски и Гоце Наумовски. *Римско право*. Скопје: УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први", 2014 – на којшто Апасиев, тогаш како помлад асистент, беше вклучен при процесот на подготовка за печат, како технички уредник.

5. Апасиев, Димитар. *Римско право – скрипта I*. Штип: УГД [Е-библиотека], 2015.

6. Апасиев, Димитар. *Римско судско право – I (Правосудниот систем во времето на Кралството)*. Скопје: Magna Carta [Едиција: Правна романистика], 2016.

Но, приложениов ракопис е специфичен бидејќи опфаќа една малку поинаква материја од горенаведените книги, кои првенствено се однесуваат на институтите на римското приватно право (Ius publicum), а делумно и на римското јавно право (Ius publicum). Со него студентите подетално ќе се запознаат со структурата на правосудниот систем во времето на римската Република (V–I век пр.н.е.).

Оттука, сосем оправдано цениме дека поднесениот ракопис, од научно-стручен аспект, е зрел за објавување поради тоа што има потреба од поблиска анализа на овие разработени државни органи во републиканскиот Рим, како и заради детално запознавање на младите студенти по право со римските јавно-правни институции, институти, концепти и сфаќања од петвековниот период на развојот на римското републиканско претkласично право.

**IV. Краток опис на содржината**

Од содржински и структуролошки аспект, покрај Предговорот, ракописот содржи Вовед (Praelectio) и една носечка глава; плус Библиографија и Биографски податоци за авторот.

Во *Воведот*, со наслов *За римското процесно право*, авторот ја дава основата на неговото истражување од еден јуриспруденцијален аспект. Тука тој дава поширок филозофско-правен пристап кон темата која ќе биде разработена, објаснувајќи го римскиот т.н. систем на тужби (Ubi remedium, ibi ius).

Авторот, следејќи ја традиционалната римска структурологија којашто е присутна во познатите кодификаторски дела, од содржински аспект, целиот труд т.е. „книга" (liber) - со оглед на ограничениот расположлив простор - го поделил на една носечка „глава" (*caput*): *Магистратски кривични судови – коерциции*. Таа, понатаму, е поделена на два главни „дела" (pars)нумерирани со римски броеви – кои, пак, натаму се делат на „оддели" (означени со големи кирилични букви); „точки" (нумерирани со арапски броеви) и „потточки" (соодветно означени со мали букви, со една заграда).

Првиот дел се однесува на *I. Редовни коерциции – Судови во мирнодопски услови*. Тука се опфатени (А) Судовите во Рим и тоа: 1. Вишите правосудни магистрати [а) Конзули и б) Трибуни]; 2. Другите правосудни магистрати [а) Цензори, б) Претори, в) Едили и г) Квестори]; и 3. Нижите државни службеници [а) Vigintiviri и б)Apparitores]. По нив следуваат (Б) Судовите во провинциитеи тоа: 1. Управници и 2. Публикани.

Вториот дел се однесува на *II. Вонредни коерциции – Судови во посебни околности*. Тука се опфатени (А) Вонредните судови и тоа: 1. Децемвири; 2. Триумвири; и 3. Диктатор. По нив следуваат (Б) Воените судови и тоа: 1. Главните воени судови [а) Дуксот и б) Стројот]; и 2. Помошните воени судови [а) Офицерско правосудство и б) Подофицерско правосудство].

## ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало „Римско право – скрипта II“ од авторот доц. д-р Димитар Апасиев претставува системско дело од областа на вториот период на развој на римската држава и право, што целосно одговара на потребите на студентите за кои е наменет. Според содржината, обемот и структурата, авторот се потрудил и успеал во тоа да направи мошне илустративен обид за приближување на оваа правно-историска материја до студентите – на мошне разбирлив, среден и прегледен начин. Освен тоа, авторот д-р Апасиев успеал да вметне и случаи на реални судења кои се одвивале во овој римски републикански период, со што материјата станува пожива и подостапна за студентите.

Од сево горенаведено, недвосмислен е заклучокот дека општата педагошка оценка за авторот и ракописот се позитивни, со оглед на богатите научни квалитети и потенцијалот на еден извонреден млад научник како што е Апасиев – па Комисијата заклучува дека приложениот ракопис ги задоволува критериумите за јавно објавување и **му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД да го прифати овој позитивен рецензентски Извештај за ова учебно помагало и ракописот да го одобри за објавување во неизменета форма.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Мирјана Поленак-Аќимовска,**
**редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОПТОМЕТРИСКИ И ОФТАЛМОЛОШКИ ИНСТРУМЕНТИ" ОД ДОЦ. Д-Р СТРАХИЛ ГАЗЕПОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-111/6 од 223. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Лечезар Војнов, редовен професор, шеф на Катедра при ВМА, Медицински факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Софија;
- д-р Атанас Калаџиев, доцент, ВМА при Медицински факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Софија;
- д-р Горги Шуманов, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов, наменет за студентите на студиската програма Оптометрија и очна оптика, интегрирани студии од прв циклус на ВЗШ при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Приложениот ракопис за учебник со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" е наменет за студентите на студиската програма Оптометрија и очна оптика, интегрирани студии од прв циклус на ВЗШ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти што се изучува како задолжителен предмет во петтиот семестар, со фонд на часови 2+2+1 и носи 5 кредити. Приложениот ракопис за учебник е во согласност со предметната програма и целосно ја опфаќа наставната материја за теоретска и практична настава за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебник со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов е напишан на македонски литературен јазик и содржи вкупно 149 страници во А4 формат. Користен е фонт Arial, со македонска поддршка, со големина на буквите 12 и проред 1,5. Ракописот е поделен во 12 поглавја, согласно со темите што се предвидени за обработка со предметната програма. Ракописот содржи вкупно 120 слики (фотографии, илустрации, графикони, табели и структурни формули). Техничкото уредување на учебникот е на завидно ниво и овозможува одлична прегледност на изложената материја. Ракописот содржи преглед на користената литература и детален предметен азбучен индекс. Обемот и содржината на ракописот целосно соодветствуваат со предвидениот фонд на часови за теоретска и практична настава за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти на студиската програма Оптометрија и очна оптика. Приложениот ракопис за учебник е во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник што обработува иста содржина досега не е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и во Република Северна Македонија и пошироко. Досега се објавени неколку учебници и учебни помагала од областа на оптометријата и офталмологијата, меѓутоа приложениот ракопис за учебник со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов како

целина и како начин на обработка на материјата претставува автентично дело, каде што авторот на еден оригинален начин ги сублимира и систематизира скоро сите инструменти кои се користат во секојдневната пракса во работата на еден оптометрист. Притоа, начинот на кој е презентирана обработената материја целосно соодветствува со предзнаењата на студентите и со целите на предметната програма по предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти во рамките на студиската програма Оптометрија и очна оптика. За одбележување е дека обемната и комплексна материја е презентирана јасно и концизно, со користење на разбирлив јазик и стил на изразување, што ја прави приемчива за студентите за кои е наменет овој учебник и говори за компетентноста и посветеноста на авторот.

**Краток опис на содржината:** На главниот текст на приложениот ракопис за учебник му претходи краток предговор каде што авторот дава основни податоци за содржината и намената на учебникот, краток хронолошки преглед за настанувањето и континуираните напори за подобрување на квалитетот на текстот.

Главниот текст на приложениот ракопис за учебник е поделен во дванаесет поглавја, согласно со предметната програма за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти на студиската програма Оптометрија и очна оптика.

**Првото поглавје** го носи насловот - *Машини за сечење, обработка на рабови, дупчење и полирање на леќи 1 дел*. Во ова поглавје се опишани сите машини за изработка и брусење на леќи. Прво е опишана рачната машина за брусење на леќи, нејзините составни делови и принцип на работа. Техлолошкиот принцип на работа на рачниот брус е разработен на еден пристапен начин, разбирлив за студентите и од еден практичен момент.
Понатаму детално е опишан принципот на работа на автоматската машина за брусење, историски од првите автомати па хронолошки до денешно време. Од оваа тема студентите многу прецизно ќе ги видат разликата и предностите на автоматската машина над рачната машина за изработка на стакла.

**Второто поглавје** го носи насловот - *Машини за сечење, обработка на рабови, дупчење и полирање на леќи - дел 2*. Во ова поглавје е разработена една од најсовремените автоматски машини за изработка на леќи на фирмата „Есилор“, која е водечка во светот за произвотство на сите видови на оптички леќи. Од оваа тема студентите можат да го научат сите составни делови на автоматот, принципот на центрирање на леќата и нејзино фиксирање со помош на интелигентен блокер кој е прв дел во изработка на една оптичка леќа и нејзино поставување во делот за брусење, кој е втор дел од изработка на очила. Прецизно се објаснети сите брусни плочи и нивните карактеристики за изработка на разни видови на очила, класични, на конец, на штраф и сл. Јасна претстава се добива и од мноштвото слики кои го надополнуваат текстот, одделно за сите делови и фази на изработка на оптичката леќа.

**Третото поглавје** е со наслов - *Елементи за ориентација и децентрација на леќа*. Детално се обработени карактеристиките на повеќе мали апарати кои се користат во оптометриска и оптичка работилница, кои се неопходни за изработка на очила. Прво е опишана центрирката т.е. машината на која се центрира оптичкото стакло согласно со диоптерот и ПД-то на пациентот и изборот на рамка.

Потоа детално е обработена шаблонерка - дупчалка преку која од покровно стакло се претвора во шаблон за изработка на оптичко стакло. Потоа е разработена мултифункционалната дупчалка која се користи за изработка на оптички стакла за рамки на штраф, односно во случаи кога стаклото е рамка. И на крај се објаснети повеќе видови на оптички фен кој се користи за загревање на пластични рамки при монтажа на избрусените леќи.

**Четвртото поглавје** е со наслов - *Елементи за ориентација и децентрација на леќа втор дел*. Во ова поглавје најпрвин е обработен сферометарот како апарат кој се користи за одредување на закривеноста на леќата.

Во ова поглавје авторот на кратко го спомнува и интерсферометарот како апарат кој се користи во оптитката.

**Петтото поглавје** го носи насловот - *Мерење на закривеност и дебелина на леќа*. Еден од најнеопходните апарати во работата на еден оптометрист и офталмолог е

биомикроскопот, односно Шпалт ламбата. Авторот посебно се задржува на овој апарат и детално го опишува како во делот на составните делови така и во делот на принципот на работа. Посебно е за одбележување што се опишани сите можности на апаратот со цел идните оптометристи и офталмолози да знаат да го користат во целост. Тоа е едно четиво кое подолго време недостасуваше меѓу студентите. Во ова поглавје се опишани и сите видови на тонометри, инструменти кои се користат за мерење на очниот притисок. Имаме опис и начин на примена на рачните тонометри таканаречени Шиоц тонометри, па до најсовремените бесконтактни тонометри.

**Шестото поглавје** е *Ленсметар*. Основен апарат во оптометриска лабораторија без кој не може да се замисли изработка на очила од една страна или пак да се проверат веќе изработени очила при нов оптометриски преглед.

Функцијата на ленсметарот го кажува самото име и служи да се одреди диоптријата на секое оптичко стакло, да се одреди аголот на цилиндричното стакло и да се постави односно центрира во положба која се бара во оптометриската рецепта за изработка на очила.

**Седмото поглавје** го носи насловот – *Визиони карти*. За одредување на острината на видот кај пациентите се користат визиони карти. Визионите карти се користат со цел да се добијат информации кои помагаат при дефинирањето на состојбата на видот на пациентот. Видната острина ја испитуваме барајќи од пациентот да ги распознава или чита фигурите пред него, одејќи од поголемите кон помалите. Фигурите се во вид на букви, броеви, нецелосни кругови, буква Е завртена во разни правци, сликички за деца итн . Постојат и повеќе видови на визиони карти, посебно снеленовите бортотипи кои се стандардизирани практично во целот свет. Се состојат од 10 реда и видот секогаш се испитува поединечни на едно па друго око. Опишани се и Ландолт ортотипи со отворен прстен. Разработени се и сите останати Јегер, нумерички, алфабетни ортотипи и ортотипите за презбиопија. На крај е објаснето и како се испитува колорниот вид на очите, посебно кај пациентите со монохромазија и дихромазија популарно наречен далтонизам.

**Осмото поглавје** е посветено на *Фороптер*. Во ова поглавје најпрвин се обработени принципите на компетитивните на фориоптерот и тоа колку ја олеснува работата на оптометристот и постигнува поголема прецизност и комоција на пациентот. Има и краток историски осврт на развојот на апаратот и неговата неопходност како дијагностичка алатка. Потоа има детален опис на фороптерот кој го поседува УГД.

По деталното практично упатство за примена на апаратот се опишани и техники на преглед со истиот и мерењето на растојанието на зениците со помош на фороптерот.

Во вториот дел од темата детално се опишани и останатите начини на мерење на растојание на зениците и останатите начини на мануелно одредување на диоптрија со помош на класичен сет со стакла и пробна рамка.

**Деветтото поглавје** е *Ретиноскоп*. Офталмоскопијата претставува една од најважните методи за испитување и проценка на здравјето на постериорниот односно задниот сегмент на окото. Со помош на офталмоскопијата испитувањето на фундусот е апсолутно сосема сигурно и безболно. Во почетниот дел од темата авторот се осврнува на индикациите на офталмоскопија и на поделбата на директна и индиректна офталмоскопија. Во понатамошната разработка на темата детално се опишани директниот и индиректниот офталмоскоп и принципот и начинот на работа.

На крајот на темата детално е опишана дигиталната офталмоскопија како врв во дијагностицирање од овој вид на ретината.

**Десеттото поглавје е***Дифителни имицинг техники*. Во оваа поглавје авторот детално го опишува принципот на ехографија на око и самите ехографи. Подеднакво добро се разработени техниките и на А-скен на око и техниките на Б-скен на око како два посебни начина на дијагностика на окото во случаи кога немаме видливи структури на окото или неможност да се постави дијагноза со друга метода. Кратко авторот и опишува практично како се изведува ехографијата со користење на анестезија и без неа, како и нејзина неопходност за дијагностика и за биометрија на око односно мерење на око и одредување на диоптриска јачина на нашата природна леќа пред операција на катаракта.

**Единаесеттото поглавје** е *Окуларна кохерентна томографија*. Во ова поглавје детално се опишува ОЦТ како апарат што претставува најсовремен апарат за дијагностика на око во денешно време. Модерната дијагностика на болестите на предниот сегмент на окото и на задниот сегмент е незамислива без ОЦТ во денешно време. Како релативно нова метода, целосно неинвазивна и комплетно безопасна по здравјето на окото, како и безболност при интервенција на ОЦТ зазема врвно место во дијагностиката во офталмологијата. Прво е разработен принципот на работа на апаратот со помош на интерференција на светлината, потоа е разработен историскиот развиток на техниката до денешно време каде што постои таканаречено Ангио ОЦТ, кое покрај томографијата на око прави и симулација на ФФА. Во вториот дел од темата детално е опишан апаратот со интерпретација на наодот кој го дава апаратот.

И последно **дванаесетто поглавје** е *Ласерска офталмоскопија*. Ова поглавје се однесува на флуоресцинската ангиографија која претставува инвазивна метода и која има ризици по здравјето на пациентот. Потоа е разработена и адаптивна оптичка ласерска офталмоскопија како современа метода за дијагностика на болестите на окото.

По дванаесетте поглавја кои го сочинуваат главниот текст на приложениот ракопис за учебник следуваат детална содржина на текстот, што е изработена квалитетно и прецизно дава јасен преглед на содржините што се обработени во рамките на учебникот и преглед на користената литература.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов содржи материјал кој во целост ги задоволува потребите на наставниот план и програма по предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти за студентите од студиската програма Оптометрија ни очна оптика, интегрирани студии на прв циклус на ВЗШ при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Сите поглавја со теоретски и практични материјали се на најдобар начин вклопени во единствена целина. Стилот на пишување е разбирлив, лесен за усвојување од страна на студентите за кои е наменет учебникот. Во него се застапени голем број слики, табели и шеми, што го прави приложениот текст да биде појасен и полесно разбирлив за студентите.

На мнение сме дека и овој учебник сигурно ќе претставува значаен придонес кон напорите за обезбедување медицинска литература, посебно од областа на оптометријата и офталмологијата која е дефицитарна во нашата средина на македонски јазик.

Врз основа на увидот во приложениот ракопис со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов, Рецензентската комисија има чест **да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја усвои рецензијата, да го прифати ракописот како рецензиран учебник и истиот да биде публикуван во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Лечезар Војнов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Атанас Калајџиев, доцент, с.р.**
**Д-р Горги Шуманов, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОРТОПЕДИЈА НА ЗАБИ И ВИЛИЦИ - ПРАКТИКУМ" ОД ДОЦЕНТ Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЉА, АС. Д-Р САНДРА АТАНАСОВА, АС.-ДОКТОРАНД Д-Р МИХАЈЛО ПЕТРОВСКИ И М-Р Д-Р ОЛИВЕРА ТЕРЗИЕВА-ПЕТРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-83/11од 220. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.4.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- д-р Киро Папакоча, вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија за практикум на приложениот ракопис „***ОРТОПЕДИЈА НА ЗАБИ И ВИЛИЦИ - ПРАКТИКУМ***" од доц. д-р Софија Царчева-Шаља, асистент д-р Сандра Атанасова, асистент-докторанд Михајло Петровскии и м-р д-р Оливера Терзиева-Петровска наменет за студентите на прв циклус стручни студии на Студиската програма за дентална медицина, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „***Ортопедија на заби и вилици - практикум***" е предвиден како наставно помагало по предметите Основи на ортопедија на заби и вилици, задолжителени предмети, на Студиската програма за дентална медицина, со 2+1+1 неделен фонд на часови и 2+2+1 неделен фонд на часови, се слушаат во шести семестар, односно 3 година. Предложениот ракопис целосно содејствува со наставната програма и теоретските наставни содржини, кои се акредитирани за предметите Основи на ортопедија на заби и вилици.

**Податоци за обемот на ракописот:** Предлог-ракописот „Ортопедија на заби и вилици - практикум" е на 67 страници, категоризиран во 13 поглавја, со 38 нумерирани фотографии и плус останати слики и графички прикази за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложените содржини во целост одговараат според обемот на наставната програма и ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Потребата од создавање на вакво учебно помагало – практикум е во релација со недостаток на соодветен практикум од оваа област кој ги обработува овие тематски содржини, конкретно за студентите од дентална медицина. Авторите на едноставен начин и концизно ја приложуваат обработената материја.

**Краток опис на содржината:** Во првото и второто поглавје ***Гнатометриска анализа – анализа на забен лак*** **и** ***Гнатометриска анализа – анализа на оклузија*** авторите ги претставуваат и опишуваат различните дијагностички анализи кои се вршат на студио модели и се користат во ортодонцијата, како и нивното значење за поставување на дијагноза и подготвување на ортодонтски план на третман.

Во третото поглавје ***Анализа на простор во мешовита дентиција – Moyers анализа*** авторите детално ја опишуваат оваа анализа која се врши со цел да се добие податок за

просторот кој е потребен за сместување на трајните заби и дали тој простор со помош на ортодонтска терапија треба да се обезбеди, дали е доволен или најредок случај, дали имаме вишок на простор.

Со следното четврто поглавје ***Анализа на простор во трајна дентиција – Bolton анализа*** авторите ја опишуваат оваа анализа која ни укажува на присуството на дисхармонија во целиот забен низ или промени само во фронтот.

Во петтото поглавје ***Хронологија на никнење на млечни и трајни заби*** авторите ги претставуваат процесите на развиток и никнење на забите, како и времето на нивно настанување.

Во шестото поглавје ***Системи на означување на млечни и трајни заби*** се објаснети најчесто користените системи за маркирање на млечните и трајните заби, кои користат нумерички симболи или знаци и овозможуваат лесен и едноставен начин на регистрација на забите.

Во следните три поглавја: ***Техника на снимање во ортодонцијата, Видови и анализа на телеренгенски снимки и Изработка на цртеж за анализа на телеренгенски снимки*** предмет на обработка е рендген кефалометријата како дијагностичка метода. Телерендгенските снимки (филмови) може да се користат и за евалуација на денталните и лицевите пропорции, а воедно и за појаснување на анатомската основа на малоклузиите.

Понатаму, во ракописот се надоврзуваат десеттото, единаесеттото и дванаесеттото поглавје: ***Harvoldu Wits анализа, Анализа по Steiner*** **и** ***Sassouni анализа и Bjorkov полигон,*** каде што прецизно се објаснуваат најосновните, а воедно и најчесто користените телерендгенски анализи од страна на ортодонтите, кои имаат директен импакт врз прецизно поставување на дијагноза кај пациентите што резултира во правилен план на ортодонтски третман и успешно решавање на аномалијата.

Последната тринаесетта глава ги презентира литературните податоци, извори и цитати, кои авторите ги користеле при создавањето на ракописот за практикум.

Присуството на големиот број на слики, како и едноставниот стил на презентација на специфичната стручна материја, нараторите во ракописот, овозможува на лесен, разбирлив и концизен начин да се совладаат и научат основните базични теоретски елементи по предметите Основи на ортопедија на заби и вилици.

## ЗАКЛУЧОК

Предложениот ракопис за практикум „**Ортопедија на заби и вилици – практикум**" на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира наставните единици кои на студентите од дентална медицина ќе им овозможат лесно, концизно и едноставно совладување на методските единици по предметите Основи на ортопедија на заби и вилици. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбедат студентите на дентална медицина да се здобијат со базични елементарни познавања од областа на ортодонцијата која како наука има пошироко значење и ги опфаќа дентофацијалните деформитети во современото општество.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „***Ортопедија на заби и вилици -практикум***" од доцент д-р Софија Царчева-Шаља, ас. д-р Сандра Атанасова, ас.-докторанд д-р Михајло Петровски и м-р д-р Оливера Терзиева-Петровска како учебно помагало – *практикум*.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор, с.р.**
**Д-р Киро Папакоча, вонреден професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Факултет за медицински науки** | | | | |
| 1 | Импликации од дијабетот кај пациенти со акутен коронарен синдром | 2002-118/6 од 12.6.2019 г. | Проф. д-р Милка Здравковска | Марика Костова |
| 2 | Трансфузиско тестирање на маркери на хепатит тип Б | 2002-118/7 од 12.6.2019 г. | Проф. д-р Татјана Рушковска | Елизабета Илиќ |
| 3 | Серолошка детекција и молекуларна типизација на еритроцитни клеточни антигени | 2002-118/8 од 12.6.2019 г. | Доц. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова | Нада Митревска |
| 4 | Улогата на патронажната сестра во превенција и рана детекција на болестите кај деца до 12-месечна возраст | 2002-127/17 од 24.6.2019 г. | Проф. д-р Гордана Панова | Донка Костадинова |
| 5 | Испитување на тешки метали со атомска апсорпциона | 2002-127/18 од 24.6.2019 г. | Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска | Елизабета Накова |
| **Економски факултет** | | | | |
| 6 | Улогата на менаџерот за унапредување на продажбата – со осврт на дрвната индустрија | 1202-85/5 од 20.6.2019 г. | Проф. д-р Трајко Мицески | Стефан Мицев |
| 7 | Влијанието на менаџментот врз мотивирањето на човечките ресурси во образованието | 1202-85/6 од 20.6.2019 г. | Проф. д-р Трајко Мицески | Валентина Зафироска |
| **Правен факултет** | | | | |
| 8 | Кривично-правни и криминолошки аспекти на тероризмот како асиметрична закана | 1102-104/16 од 28.6.2019 г. | Доц. д-р Елена Максимова | Слободан Јевтимов |
| 9 | Политики и мерки за остварување на права на националните малцинства во Република Северна Македонија | 1102-104/15 од 28.6.2019 г. | Проф. д-р Јован Ананиев | Јелена Ангелова |